

USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE

Македонско здружение на млади правници

Квартален извештај за состојбата на човековите права на мигрантите и бегалците на терен

октомври – декември, 2019

Квартален извештај за состојбата со човековите права на мигрантите и бегалците на терен
октомври-декември, 2019

Деветтиот квартален теренски извештај за состојбата со човековите права на мигрантите и бегалците во Северна Македонија ги содржи согледувањата на Македонското здружение на млади правници (МЗМП) во однос на постапувањето со мигрантите и бегалците во прифатно-транзитните центри „Виноју̀г“ и „Табановце“, со посебен фокус на жените, децата и другите ранливи категории. Правниците на МЗМП беа присутни во двата центри и обезбедуваа информации, совети и правна помош за оние кои имаа потреба. Едновремено, овој извештај говори и за третманот на мигрантите и бегалците кои се движеа надвор од центрите, особено кога станува збор за задржувањето и враќањето како одговор на државата на нерегуларната миграција.

Бројот на мигрантите и бегалците кои пристигнуваат во државата се зголеми во споредба со претходните месеци

За време на четвртиот квартал од годината 670 мигранти беа регистрирани во центрите, што претставува зголемување за 7.1% во споредба со претходниот квартал.

За време на периодот октомври-декември 2019, Министерството за внатрешни работи извести за намален број на случаи во однос на претходниот квартален период за вкупно 18 случаи кои вклучуваа 337 мигранти. Во поголемиот број на случаи, полицијата ги привела мигрантите додека илегално транзитирале во државата со помош на криумчари на мигранти. Според извештаите исто така во два случаи, полицијата пресретнала 16 мигранти без документи за идентификација.

Битно е да се напомене дека бројот на мигранти кои илегално транзитирале во државата и се приведени од страна на МВР е помал во однос на бројот на мигранти кои што се регистрирани во транзитните центри Виноју̀г и Табановце.

Во октомври, мигрант од Сирија на железничка станица во наслеба Илинден се качил на еден од вагоните, при што се фатил за жица која била под напон и се здобил со повреди, по што бил пренесен во комплекс клиники „Мајка Тереза“ за укажување на лекарска помош.

Во октомври, при полициска акција во објект селото Ваксинце, општина Лојане се пронајдени 81 мигрант (62 возрасни и 19 малолетни лица). Во акцијата било приведен сопственикот на објектот. Мигрантите од страна на на МВР се пренесени во Транзитниот Центар Табановце, каде што чекале во период од неколку часа пред да бидат дактилоскопирани[1].

Во ноември, двајца мигранти се здобиле со повреди при сообраќајна несреќа на автопатот Гевгелија – Скопје и биле пренеси во Медицински центар Кавадарци за укажување на лекарска помош по незгодата. Возачот и совозачот на возилото го напуштиле местото на настанот. Двајца

[1] https://www.24.mk/details/pronajdeni-81-migrant-vo-pomoshen-objekt-vo-lipkovsko-vaksince

мигранти од Иран, пријавиле неколку лица во с.Лојане, општина Липково им ги одзеле парите и мобилните телефони, а едно од лицата извршило обљуба над жена мигрант од Авганистан која, според пријавеното, потоа ја пренеле во Р.Србија.

На регионалниот пат Свети Николе - Куманово, во близина на с.Градиште, товарно возило „фолксваген“, со бугарски национални ознаки, излетало од коловозот. Во возилото биле пронајдени 25 лица - мигранти, од кои 15 државјани на Авганистан, од кои седум биле малолетни лица, кои се здобиле со повреди.

Зголемен број на мигранти и бегалци престојуваа во транзитните центри во Гевгелија и Табановце

За време на четвртиот квартал од 2019, бројот на мигрантите и бегалците што влегоа во транзитните центри во Гевгелија и Табановце се зголеми од 626 на 670 или за 7.1% во споредба со претходниот квартал. Најголемиот дел од мигрантите и бегалците во Винојуг и Табановце потекнуваа од Авганистан (291), Пакистан (85) и Сирија (67), а помал број од други држави (види Графикон 2 подолу). Полицијата одлучуваше кому ќе му дозволи влез во центарот и ги регистрираше сите новопристигнати мигранти. Како дел од регистрацијата, во Винојуг и Табановце мигрантите беа фотографирани и дактилоскопирани.

Сепак, оние кои доаѓаа во центрите, вообичаено остануваа само неколку дена и потоа го продолжуваа патувањето кон Грција или Србија. Продожија арбитрерните протерувања од страна на властите надвор од било каква судска или друга формална постапка, како и без регистрирање на лицата кои беа неформално предадени на друга држава. Во голем број на случаи, беше забележано дека откако мигрантите и бегалците се донесени во „Винојуг“, неколку часа подоцна полицијата неформално ги прададе во Грција. Од друга страна, во „Табановце“ поголем број на поединци престојуваа во центарот неколку дена.



Прифатно-транзитен центар Винојуг, Гевгелија

За време на периодот на известување, 83 мигранти и бегалци престојуваа во центарот Винојуг во Гевгелија. Поголемиот дел од нив полицијата ги пресретнала близу Гевгелија и околните места и потоа ги донела во Винојуг каде што биле фотографирани и дактилоскопирани. Само мал број од сместените лица останаа во центарот подолго време. Во најголемиот дел од случаите, тие беа вратени во Грција од страна на полицијата надвор од формална постапка.

Мнозинството од мигрантите и бегалците пристигнаа во Винојуг во ноември (30) и декември (30) , додека бројот на новопристигнати лица беше помал во октомври (23). Статусот на мигрантите и бегалците сместени во центарот не беше познат.



Графикон 1: Број на новодојдени мигранти и бегалци во Винојуг и Табановце октомври - декември, 2019




Прифатно-транзитен центар Табановце, Куманово

587 мигранти и бегалци престојуваа во центарот во Табановце помеѓу октомври и декември 2019.

За разлика од претходниот каварта во овој период повеќето од нив доаѓаа од Грција и останууваа кратко време во центарот пред да продолжат кон Србија. Од друга страна, помал е бројот на лица кои од Србија доаѓаат со намера да транзитираат кон Грција.

Најголемиот број на мигранти и бегалци пристигнаа во Табановце во декември (245), додека бројот на новопристигнати лица беше помал во ноември (181) и октомври (161). Мигрантите и бегалците кои беа сместени во центарот останууваа краток период пред да го продолжат патувањето. Нивниот статус не беше познат.



Графикон 2: Земја на потекло на мигрантите и бегалците во „Винојуг“ и „Табановце“, од октомври-декември, 2019 година

Жени, деца и други ранливи категории на мигранти и бегалци

За време периодот на известување, се зголеми бројот на жени и деца кои пристигнуваа во прифатно-транзитните центри Винојуг и Табановце. Мнозинството од новопристигнатите лица беа возрасни лица од машки пол (околу 73%), но исто така пристигнаа и 20 жени и 161 деца. 131 од децата беа непридружувани и во сите случаи се постапи согласно Стандардните оперативни процедури за постапување со непридружувани деца – странци. Исто така на овие деца им беше назначен старател од редот на социјалните работници при Министерството за труд и социјална политика.

Задржување во Прифатниот центар за странци и враќање на мигранти и бегалци надвор од формална постапка (push-backs)

Министерството за внатрешни работи во дневниот билтен извести за 18 случаи на криумчарење на мигранти помеѓу октомври и декември, во кои полицијата пресретнала вкупно 337 мигранти. Според извештаите, во два случаи кои вклучуваат 63 мигранти биле задржани во Прифатниот центар за странци, кој преставува објект од затворен тип наменет за задржување на странци од имиграциски причини (како што се, на пример, утврдувањето на идентитет и присилното отстранување). Останатите беа однесени во прифатно-транзитните центри Винојуг или Табановце, каде што или беа сместени или вратени во Грција во отсуство на формална постапка.

На овој начин, беа доведени во прашање некои основни човекови права на мигрантите и бегалците, како правото на слобода и безбедност, правото на ефективен правен лек и правото на заштита од тортура, загарантирани со Европската конвенција за заштита на човековите права и други меѓународни документи ратификувани од Северна Македонија.

Овој извештај е овозможен со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Содржината е одговорност на Македонското здружение на млади правници и не ги изразува ставовите на УСАИД или на Владата на САД.

Во септември 2016, УСАИД обезбеди финансиска поддршка на МЗМП за спроведување на Проектот за заштита на човековите права на мигрантите и бегалците. Севкупната цел на проектот е да обезбеди дека граѓанските организации и владините институции обезбедуваат заштита на човековите права на мигрантите и бегалците и ги исполнуваат потребите на најранливите групи меѓу нив. Од почетокот на проектот до Декември 2019, МЗМП обезбеди информации, совети и правна помош на 1203 мигранти и бегалци во Северна Македонија.